ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-105/6**

**Дата:17.03.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Вевчани за 2008 година, кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Вевчани за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :
   - Васил Радиноски, градоначалник на општина Вевчани во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 26.11.2009 до 03.12.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 22.02.2010 година примени се забелешки по Претходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Општина Вевчани за средствата на сметката на Буџетот, заведени под број 12-105/4 од 22.02.2010 година, од Градоначалникот на Општина Вевчани на точките 10.1.1., 10.2.1., 10.3.1. и 10.4..1. . На истата дата примени се и забелешки по Претходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Општина Вевчани за средствата на сметката на Буџетот, заведени под број 12-105/4 од 22.02.2010 година, од Градоначалникот на Општина Вевчани кој за периодот на ревизија бил одговорно лице на точка 10.1.1..
Забелешките се разгледани при што е одлучено следното:

- **забелешките кои се однесуваат на наодите од точките 10.2.1., 10.3.1. и 10.4.1. не се прифаќаат,** од причина што на ревизијата не и беа доставени дополнителни релевантни и достатни ревизорски докази, како основ на нивно прифаќање и наодите остануваат во Конечниот извештај.
- **забелешките кои се однесуваат на наодите од точките 10.1.1. алинеја 1 и 3 се прифаќаат,** наодот останува во Конечниот извештај без овие алинеи а во делот на Препораките се бришат алинеја еден и два.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

При оценка на системот на интерни контроли, кај процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме постоење на ризик од нецелосно и неточно утврдување на приходите по основ на даноци, комунални такси и надоместокот за уредување на градежно земјиште, кое придонесува за помалку наплатени приходи во корист на општината и ограничување на планираните активности на општината.

11.1.1. При утврдување и наплата на данокот на имот и комуналните такси утврдено е следното:

- нема апликација за даночна евиденција на данокот на имот и такси, и
- регистарот (податоците) на недвижен имот не е доставен до Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи до 31 декември 2008 година.

Во 2008 година набавена е апликацијата и започнати се активности за ажурирање на регистарот на даночни обврзници.
Причината за овие ризици произлегува од: доцнење со набавката на апликацијата за даночната евиденција, отсуството на пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените и кадровската не екипираност.

**Препорака:**
Регистарот на недвижен имот да се доставува до Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи до 31 декември тековната година.

**11.2. Неправилна примена на акти**

11.2.1. Општина Вевчани нема донесено буџетски календар во кој ќе се утврдуваат роковите за планирање на општинскиот буџет за 2008 година, односно роковите во кои до општинските буџетски корисници се доставуваат главните насоки за изготвување на финансиските планови, роковите во кои општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови и рокот во кој градоначалникот го доставува предлог буџетот до Советот на општината. Не донесувањето на буџетскиот календар е спротивно на одредбите од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и придонесува за постоење ризик од ненавремено спроведување на буџетскиот процес.

**Препорака:**
Одделението за општи, правни и финансиски работи и јавни дејности да изготвува буџетски календар во кој јасно ќе бидат дефинирани роковите за навремено спроведување на буџетскиот процес согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

11.2.2. Од 01.01.2009 година општина Вевчани, влезена е во втората фаза на фискална децентрализација со финансирање на пренесените надлежности на општината преку блок дотациите, иако го нема исполнето законскиот критериум во делот на потребниот број на вработени, квалификувани за извршување на работите за финансиско управување, буџетирање, сметководство, финансиски извештаи и во областа на утврдување и наплата на локалните даноци, такси и надоместоци.
Во делот на утврдување и наплата на локалните даноци, такси и надоместоци работи едно лице виш соработник за даноци и такси, и во делот на финансиско управување, буџетирање, сметководство, финансиски извештаи едно лице виш референт.
Општина Вевчани не ги искористила законските можности за формирање на заеднички служби а со тоа и исполнување на условите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**Препорака**
Да се користи законската можност за формирање на заеднички служби во случаите кога финансиските капацитети на општините не го дозволуваат формирањето на екипирани сопствени служби.

**11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Општина Вевчани во Буџетот за 2008 година има планирано приходи и расходи во износ од 16,441 илјади денари. Во текот на годината се реализирани приходи во износ од 10,048 илјади денари, расходи 9,482 илјади денари, и е остварен вишок на приходи во износ од 566 илјади денари. Приходите се остварени со 61,12% во однос на планираниот износ, а расходите со 57,67%.
Согласно Законот за буџетите доколку во текот на фискалната година приходите и расходите значително не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот, меѓутоа во 2008 година, градоначалникот не предложил ребаланс на буџетот заради нивно усогласување. Неусогласеноста на остварените буџетски приходи и расходи со планираните создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредните фискални години.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината доколку реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планираните да предложи на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

11.3.2. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Вевчани со состојба на 31.12.2008 година не е целосно извршен во делот на пописот на побарувањата што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Во Извештајот за попис, побарувањата од купувачите со состојба на 31.12.2008 година се дадени само како салдо на сметката побарувања, без да биде утврдена реалноста, застареноста на искажаните износи и причината за ненавремената наплата.
Непочитување на законските обврски може да доведе до искажување на нереални состојби во сметководствената евиденција и финансиските извештаи.

**Препорака:**
Пописната комисија да врши попис на побарувањата од купувачите, од аспект на постоење основ и старосна структура.

**11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.4.1. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на наплатените приходи по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од 174 илјади денари, поради тоа што на ревизијата не и беа дадени на увид досиејата за предметите по основ на пресметки за утврдување на висината на надоместок со образложение дека истите се архивирани во Архивот во Охрид. Со направениот увид на архивираната документација во Архивот во Охрид не се обезбедени пресметките за утврдување на надоместокот за уредување на градежно земјиште, како потврда за точноста на утврдениот надоместок.

**Препорака:**
Да се изготвуваат пресметки за надоместокот на уредување на градежно земјиште потврдени од лицето кое ги изготвува и градоначалникот.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.3.2. и 11.4.1. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Вевчани на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.


***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***
***Овластен државен ревизор***

13. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на Општина Вевчани.

14. Обрнуваме внимание дека општина Вевчани е тужена странка во судски спорови врз основа на долг и за вознемирување на посед, од страна на три правни лица за вкупен износ од 1,019 иљади денари.
Општината е тужител во спор со едно правно лице по основ на побарување за износ од 141 иљади денари.
Конечната разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак изразена резерва врз основа на евентуални ефект и врз финансиските извештаи на општина Вевчани за годината која завршува со 31.12.2008 година.

Скопје 16.03.2010 година                                                    Овластен Државен Ревизор

‘


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 Ден. |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3,1 | 3.176 | 2.117 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 344 | 482 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 6.528 | 5.892 |
| **Вкупно приходи** | | **10.048** | **8.491** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 2.314 | 1.959 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 4.371 | 3.763 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **6.685** | **5.722** |
| **Капитални расходи** | **3.5.** | **2.797** | **835** |
| **Вкупно расходи** | | **9.482** | **6.557** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **566** | **1.934** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2008 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 566 | 1.934 |
| Побарувања | 4.1.2 | 1.438 | |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.004** | **1.934** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **2.004** | **1.934** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 2.004 | 1.934 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **2.004** | **1.934** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **2.004** | **1.934** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*